Архивски број: 08-296/4
06-10-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-296/1 од 17.03.2025 година, поднесена од Европски центар за правата на Ромите во име на група со ромска етничка припадност, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21 став 1 точка 14 и 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** од страна на Телевизија Сител кон граѓаните од ромска национална припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 06.03.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка и национална припадност областа на јавно информирање и медиуми од страна на Европски центар за правата на Ромите (ЕЦПР) против Телевизија Сител.
Подносителот на претставката е здружение на граѓани кој има оправдан интерес од заштита на колективните права на Ромите и во рамките на своето дејствување се занимава со заштита на правата на еднакво постапување и заштита од сите форми на дискриминација кон Ромите во Република Северна Македонија и Европа.
Во претставката се изнесува дека на ден 06 март 2025 год. во 21:00 часот на Телевизија Сител при емитување на вечерните вести во еден од нај ударните термини е извршено вознемирување како форма на индиректна дискриминација, Имено во наведениот термин беше објавен прилог од страна на новинарката Мирјана Давидовска за родилка од Куманово која според медиумот имала намера да го отстапи своето новородено дете во замена за паричен надомест.
Во прилогот беше изјавено: **„Станува збор за родилка од ромската заедница која била во тешка финансиска состојба...“** Во продолжение на прилогот се истакнува дека истата имала повеќе деца и дека веројатно се работи за злоупотреба на родилката која била доведена во заблуда заради нејзината тешка финансиска состојба но се индицира и на можна трговија со органи...
Во продолжение, подносителот на претставката ЕЦПР нагласува дека медиумот истакнува дека родилката доброволно се согласила преку посредници да го даде своето новородено дете за 4.000 односно 5.000 евра и за тоа потпишала нотарски акт-изјава. Оваа нагласување на етничката припадност на жената е направено без никаква

релевантност за содржината и суштината на прикажаната со што се допринесува кон дополнителна стигматизација на ромската заедница, истакнуваат од ЕЦПР.

Според нив клучни аспекти на проблемот се:

1. Нагласувањето на етничката припадност.
2. Придонес кон социјална стигматизација .
3. Прекршување етичките стандарди за медиумско известување цитирајќи го членот 61 односно член 47 -а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот на принципиелност, објективност, непристрасност и почитување на достоинството на сите групи во општеството.
4. Прекршување на правото на еднаков третман, наведувајќи дека со тоа што од пет инволвирани лица во случајот само кај жената Ромка се изнесува етничката припадност.

Правниот основ на кој се повикува подносителот се:

1. Законот за спечување и заштита од дискриминација.
2. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и
4. Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација.

На ден 18.03.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Барање за произнесување по наводите од претставката со бр. 08-296/1 до Телевизија Сител, во рок од 15 дена од денот на прием на претставката.

Согласно поднесеното барање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 09. 04. 2025 год. доби произнесување од страна на Телевизија Сител преку Адвокатско друштво Никола Додевски.

Во произнесувањето се негираат наводите на подносителот на претставката со следните образложенија:
Во прилогот е објавена исклучително содржина од изворот на информацијата и тоа од: Соопштение на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и изјавите на директорот на Првата детска амбасада Меѓаши- Драги Змијанац.
Се негираат цитираните наводи (...бебе, кое што го носела во утробата) како и пренагласената етничка припадност на жената и дека истата се спомнува еднаш но не во негативен контекст.
Во продолжение на произнесувањето повторно правата споредба на содржината на прилогот со соопштението на ОЈО на РСМ каде истакнуваат дека се работи за преземена содржина како извор на новинарска информација.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Спомнувањето на припадноста кон етничката заедница на жената на едно место во прилогот, цитираат: „Станува збор за родилка од ромска заедница која била во тешка финасиска состојба и со повеќе деца“ не е во негативна конотација, ниту со намера да се стигматизира, туку сосема спротивно, потенцирање од потребата за поголема заштита на оваа група и дека се работи за жена која е сторител на делото но воедно и жртва. Според Телевизија Сител тоа го потврдува и директорот на Првата детска амбасада Меѓаши, г-Драги Змијанац, кој го критикува системот а пред се Центарот за социјални работи кој потфрлил и дозволил да се случи ваков настан.

Во произнесувањето Телевизија Сител се повикува на член 47 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го негира повикувањето на член 14 кој е во врска со член 8 од Европската конвенција за човекови права како правен основ на претставката. Имено согласно овој член негативното стереотипизирање на групата мора да достигне одредено ниво, каде негативното влијание на изјавата или делувањето врз нечиј „приватен живот“ морало да го надмине „прагот на сериозност“. Телевизија Сител во произнесувањето го негира правниот основ на кој се повикува подносителот а поврзан со Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација со тоа што наведува дека афирмативните акциски политики не треба да се сметаат за расна дискриминација.

Во продолжение се наведува дека медиумот имал за цел да ја зголеми заштитата на граѓаните врз основа на еднакво рамниште при уживањето на нивните човекови права и дека подносителот манипулира со невистинито прикажани факти.

По увид во списите од предметот, доставените докази, како и од внимателното преслушување на видео записот од предметниот прилог кој беше емитуван на вечерните вести, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Телевизија Сител на 6 март 2025 година во рамките на своите вечерни вести емитувани во 21 :00 часот, објави прилог според кој: „Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) отвори постапка за случај со посвојување на бебе за (првична ) сума од 4000 евра . Родилка од Куманово, мајка на 7 деца преку посредници била запознаена со брачен пар, кои сакале незаконски да го посвојат нејзиното новороденче...“ Во продолжение медиумот ги пренесува информациите добиени од ОЈО ГОКК каде се опишува целиот настан се до барањето на обвинителството за ефективен притвор за двајцата прво осомничени и куќен притвор на останатите три лица инволвирани во случајот.

После оваа следува заклучок од водителката Мирјана Давидовска, според која : **„Станува збор за родилка од ромската заедница која била во тешка финансиска состојба и со повеќе деца.**

Директорот на невладината Мeѓаши, дава претпоставка за веројатна злоупотреба на родилката и нејзино доведување во заблуда искористувајќи ја нејзината тешка состојба како и отсуството на строг надзор на остварување на родителско право и начинот на кој се отуѓува детето. Во продолжение на дискусијата покрај незаконското посвојување и сплетот од кривични дела се споменува и можна трговија со органи.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

При носење на Мислењето, освен Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ,во предвид беа земени одредби од Европската конвенција за заштита на човекови права, Европскиот суд за човекови права и Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација.

Согласно член 6 од **Закон за спречување и заштита од дискриминација** според кој *дискриминација е **секое разликување**, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*, **а во врска со член 5** од истиот закон согласно кој *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло **национална или етничка припадност**, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Согласно член 47-а од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (измени и дополнувања, Службен весник на РСМ, бр. 154 од 20.7.2023 година), Давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги при вршењето на дејноста треба меѓу другото да го почитува следното начело:

- **објективно и непристрасно прикажување на настаните** со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, - почитување на авторското право и сродните права.

**Според Европската конвенција за заштита на човекови права во член 14 се забранува секаков вид на дискриминација:** „Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди **без никаква дискриминација заснована врз** пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, **национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство**, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус".

**Спорд Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)** во делот 2. **Одговорност на медиумите и новинарите** покрај ставот **1. Проверка на фактите**, се истакнува ставот **2. Идентификување на етничка припадност**, според кој : Судот е критичен кон **медиумите кои непотребно ја истакнуваат етничката припадност на лицата** (особено сторители на кривични дела) на начин што може да создаде негативни стереотипи и да ја стигматизира целната група.

**Заклучок на ЕСЧП** : „Слободата на изразување не дава право на ширење на етничка или национална дискриминација. Медиумите имаат обврска да ја балансираат својата


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

слобода со одговорноста да го почитуваат достоинството на сите етнички и национални групи и да не придонесуваат за нивна стигматизација"
**Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација** ја нагласува обврската на државата а со тоа и на медиумите, да ги елиминираат сите форми на расна дискриминација.

Согласно **Член 1** од оваа конвенција **дефиниција за расна дискриминација** е: „...секоја **дистинкција,** исклучување, ограничување или претпочитање врз основа на раса, боја, потекло **или национално или етничко потекло** со цел или со ефект на нарушување на уживањето на човековите права на еднакво рамниште. Афирмативните акциски политики или мерки не треба да се сметаат за расна дискриминација".
Согласно **Член 2** „Државите членки ја осудуваат расната дискриминација и **се обврзуваат да се стремат кон политика на нејзино елиминирање во сите нејзини форми**. Државите членки нема да се вклучат во расна дискриминација и ќе дејствуваат за да осигураат дека ниту еден јавен орган и институција не се вклучени во дискриминација".

Со оглед на тоа дека во предметниот настран се **вклучени пет лица од различни националности** а во прилог се истакнува само жената од ромска етничка припадност.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација (чл. 6) постапено е **различно** во споредба со останатите учесници во настанат и констатирано е повреда на право на еднаквост врз дискриминаторски основ **„национална или етничка припадност"...**

Дополнително телевизискиот прилог во кој се изнесени ставови како што се „...Родилка од Куманово мајка на 7 деца ... од ромската заедница...незаконско посвојување на бебе преку нотар за сума од 5000 евра ..., предизвика силно вознемирување кај голем дел од ромската заедница поради изнесените факти за кои сеуште се води предистражна постапка. Предизвикано е дополнително чувство на стигматизација со дополнително поттикнување на предрасудите и стереотипите кон ромската заедница преку социјалните мрежи и медиумски портали идентификувајќи ја целата ромска заедница преку овој настан.

И покрај интенцијата на медиумот овој прилог да го прикаже како афирмативен и со цел зголемување на заштитата, сепак видно е нееднаквото постапување каде од сите пет инволвирани лица кои имаат различна (македонска, албанска и ромска) националност, само кај родилката од ромска националност се истакнува етничкиот идентитет во навидум неутрална форма при што се предизвика индиректна дискриминација и вознемирување кај цела една етничка заедница.

Следствено на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди како во диспозитивот, односно дека во конкретниот случај од


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

страна на Телевизија Сител е сторена **ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА - ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кон граѓаните од ромска национална припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација чл. 8 ст. 2 „**Индиректна дискриминација** постои кога преку **навидум неутрални** прописи, одредби, критериуми, **програми** или практики, се става некое лице или група во **понеповолна положба врз дискриминаторска основа** во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.
Според истиот закон, **Вознемирувањето** претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Во таа смисла согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните:

## ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Телевизија Сител и водителката Мирјана Давидовска да се извинат на граѓаните од ромска етничка припадност на ист начин и телевизиски тајминг како што е извршена повредата и тоа во рок од 30 дена и за тоа да ја извести Комисијата.

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Телевизија Сител во иднина да се воздржи од вакво или слично дискриминаторско постапување каде граѓаните ќе бидат ставени во нееднаква положба, ќе предизвика вознемирување и ќе поттикне стигматизација на било која етничка заедница или поединец.

3. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Телевизија Сител да се придржува и да ги почитува: Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и Меѓународните конвенции и препораките од Европскиот суд за човекови права.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Телевизија Сител треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Телевизија Сител ул. Столтенбергова бр 2, 1000 Скопје
- Мустафа Асановски, ул „Мирче Аце
- Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk